# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Велес**<br>Излегува по потреба | **Број 8 година XLI**<br>**12 септември 2005** | Претплата за<br>2005 година -500 ден.<br>**жиро с-ка 300-2700000041-45** |


**95.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за утврдивање наменско користење на дел од објект**

Се прогласува Одлуката за утврдување наменско користење на дел од објект, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.09.2005 година.

Број 0801-1853/1
09 септември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),а согласно Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за создавање услови за отворање на факултети или катедри на високо образовни институции во Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.4/05 ),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 9.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдивање наменско користење на дел од објект**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува наменско користење на дел од објект на ул."Алексо Демниевски" бб.( поранешен Центар за детско творештво "Ѓоре Органџиев") - објект заведен на ИЛ бр.22 за КО Велес.

**Член 2**

Дел од просториите на деловната зграда од член 1 на оваа Одлука наменски ќе ги користи Факултетот за туризам и угостителство од Охрид.

**Член 3**

Градоначалникот ќе склучи посебен договор со Факултетот за наменско користење па просторот потребен за изведување на настава.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Broj - 0701-1848/1
09.09.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

**96.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за измена и дополнувањена Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Велес**

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на

Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.09.2005 година.

Број 0801-1853/2
09 септември 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 57 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 57, став 2 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 9.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес**

**Член 1**

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на организирање на општинската администрација на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.6/05) во член 18, ставот 6 „Раководителот на секторите и одделенијата ги именува и разрешува Градоначалникот " се брише.

**Член 2**

Во член 3, по став 7 се додава нов став 8 кој гласи „Ќе извршува одделни надлежности за Општина Градско и Општина Чашка врз основа на склучен писмен договор со кој се утврдува видот, обемот и начинот на извршување на активностите, користењето на објектите, опремата и финансирањето". Ставот 8 станува став 9.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број - 0701-1848/2
09.09.2005 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

**97.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за формирање на лига систем на натпреварување во мал фудбал за возрасни и пионери**

Се прогласува Одлуката за формирање на лига систем на натпреварување во мал фудбал за возрасни и пионери, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.09.2005 година.

Број 0801-1853/3
09 септември 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општината Велес" бр.1/03 ) ,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 9.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на лига систем на натпреварување во мал фудбал за возрасни и пионери**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес формира лига систем на натпреварување во мал фудбал за возрасни и пионери.

**Член 2**

Реализатор на оваа лига на натпреварување ќе биде Општинскиот фудбалски сојуз Велес, за оваа цел ќе се потпише Договор помеѓу ОФС и Општина Велес.

Општинскиот фудбалски сојуз-Велес е должен, редовно до Советот на Општина Велес по завршувањето на есенскиот како и на пролетниот натпреварувачки дел да доставаат Извештај за реализираните активности. По дополнителни барања од Советот, реализаторот е должен да одговори на барањето.

**Член 3**

Лига системот ќе започне во месец Октомври и ќе се одвива во два дела (есенски и пролетен ).

**Член 4**

Средствата потребни за функционирање на лига системот ќе ги обезбеди Општина Велес кои дел од нив ќе бидат од програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2005 година ("Службен гласник на Општина Велес" бр.8/04 ).

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес" .

Broj - 0701-1848/3
09.09.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

**98.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за формирање на Градски црковен хор "Св.Пантелејмон" - Велес**

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за формирање на Градски црковен хор "Св.Пантелејмон" - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.09.2005 година.

Број 0801-1853/4
09 септември 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општината Велес" бр.1/03 ),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 9.09.2005 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Иницијативата за формирање на Градски црковен хор "Св. Пантелејмон" - Велес**

1.Се прифаќа иницијативата за формирање на Градски црковен хор "Св.Пантелејмон" - Велес.

2.Советот на Општина Велес препорачува Градскиот црковен хор да се основа според Закон за здруженијата на граѓани и фондациите (" Службен весник на РМ бр.31/98" ).

3.Советот на Општина Велес прифаќа финансиски да го помага Градскот црковен хор за неговата непречена работа и реализизација на планираните активности.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес" .

Број - 0701-1848/4
09.09.2005 година
Велес

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

**Бр на акт** **Страница**


95 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдивање наменско користење на дел од објект** 154

**О Д Л У К А за утврдивање наменско користење на дел од објект**

96 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнувањена Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Велес** 154

**О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес**

97 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за формирање на лига систем на натпреварување во мал фудбал за возрасни и пионери** 155

**О Д Л У К А за формирање на лига систем на натпреварување во мал фудбал за возрасни и пионери**

98 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за формирање на Градски црковен хор "Св.Пантелејмон" - Велес** 156

**З А К Л У ЧО К за прифаќање на Иницијативата за формирање на Градски црковен хор "Св. Пантелејмон" - Велес**

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00